# ДЕЧКОТО

Фрида Мекфаден

САКАМ КНИГИ

# Пролог

*Во минатото*

## ТОМ

Очајно, болно, потполно и лудо сум вљубен.

Се вика Дејзи. Се запознавме на четири години. Вљубен сум во девојкава од четиригодишна возраст - ете, до таа мера сум патетичен. Првпат ја видов на детското игралиште, како кине парчиња од својот сендвич и ги храни гладните верверички, и веднаш си помислив дека никогаш не сум запознал живо суштество кое е толку прекрасно и мило како Дејзи Дрискол. Потполно ме излуде.

Не ѝ ги открив своите чувства уште долго време по тоа. Не можев. Ми се чинеше невозможно еден таков ангел, со позлатена коса и светлосини очи и кожа како порцеланот од мијалникот што го имаме во бањата, некогаш да може да почувствува и десетинка од љубовта што јас ја чувствував кон неа. Затоа немаше никаква потреба ни да се обидувам.

Но, тоа се промени од пред некое време.

Во теков на изминатиов период, Дејзи ми дозволува да ја испраќам до дома по училиште. Некогаш дури и ми се посреќува, па ми дозволува да ја држам за рака, и кон мене ја блеснува онаа своја тајна мала насмевка со црвените усни со боја на цреша, од која ми се стресуваат колената. Почнувам да си мислам дека можеби посакува да ја бакнам.

Но, се плашам. Се плашам дека ако се обидам да ја бакнам, би ми залепила шлаканица. Се плашам дека ако ѝ ги кажам своите вистински чувства, би ме погледнала со сожалување и би ми кажала дека таа не се чувствува исто како мене. Се плашам дека повеќе не би ми дозволувала да ја испраќам до дома.

Но, тоа не е она од коешто најмногу се плашам.

Она од коешто најмногу се плашам е дека доколку се наведнам да ја бакнам Дејзи, таа би ми дозволила да го сторам тоа. Се плашам дека би се согласила да ми биде девојка. Се плашам дека би ми дозволила да ѝ дојдам во спалната соба кога родителите нема да ѝ се дома, за најпосле да бидеме сосем сами.

А ужасно сум преплашен од тоа дека во моментот кога ќе останеме сосем сами, би ги обвиткал прстите околу нејзиниот убав, бел врат, и би стискал сè додека не ја исцедам и последната капка живот од неа.

# Прва глава

*Во сегашноста*

## СИДНИ

Кој е типов и што му сторил на дечкото со којшто требаше да се сретнам?

Бев договорена на вечера во осум часот, со тип по име Кевин. Е, па, всушност, првичниот план беше да одиме на пијачка во шест часот - многу е полесно да избегаш од пијачка отколку од вечера - но, Кевин ми испрати порака преку Синч, апликацијата за состанување, дека го задржале на работа и ме праша дали би сакала да излеземе малку подоцна, во осум часот, на вечера?

И покрај тоа што не мислев дека е паметно, се согласив.

Но, Кевин се чинеше навистина фин додека се допишувавме. И на сликата ми изгледаше сладок. *Навистина* сладок. Со момчешка насмевка и сјај во очите, со светло кафена коса што на неодолив начин му паѓа врз челото. Ми изгледаше како млад Мет Дејмон. Сум била на многу лоши состаноци преку Синч, но бев доста оптимистична за оваа средба, иако сепак со доза претпазливост. Дури и пристигнав порано во ресторанот и морав десеттина минути сама да го чекам на шанкот.

„Сидни?“ прашува човекот што стои пред мене.

„Да...?“

Зјапам во мажот и чекам да ми каже дека Кевин загинал во трагична сообраќајна несреќа на пат кон нашиот

состанок, бидејќи овој тип дефинитивно *не* е Кевин. Но, наместо тоа, тој само ми ја подава раката.

„Јас сум Кевин“, ми вели.

Не мрднувам ни со мускулче. „Навистина?“

Океј, да бидеме реални - никој не изгледа толку добро во живо колку што изгледа на фотографиите на профилот за романтични состаноци. Се разбира дека доколку сакаш да договориш средба, сигурно нема да споделиш слика од себеси штотуку станат од кревет и со мамурлак. Секако дека ќе се средиш, ќе се сликнеш од педесетина различни агли со дузина различни светлини, и ќе ја одбереш најдобрата фотографија. Сето тоа е сосем логично.

И, да, можеби таа една совршена слика е од пред десет години. Не се согласувам со оваа логика, но разбирам зошто некој би го сторил тоа.

Но, типов...

Нема апсолутно никаква шанса да е истиот човек со оној што го запознав на Синч. Ниту пред десет години - ниту *некогаш во животот*. Едноставно не верувам.

Знам дека е навистина неучтив потег, но веднаш го зграпчувам мобилниот од чантата и пред него ја отворам апликацијата. Го споредувам мажот што стои пред мене со згодниот дечко со момчешки шарм од сликата. Аха - нема шанси.

Мажот пред мене е минимум десет години постар од ликот на сликата и е коска и кожа, дури на граница на неисхранетост. Мислам дека дури и бојата на очите му е различна. Русата коса му е сериозно проретчена, а она што му е останато од неа му е собрано во неуредно опавче.

Дефинитивно не е истиот човек со тој на сликата. Повеќе сум сигурна во тоа, отколку во фактот дека уживам во долги прошетки низ Градскиот парк или во гледање серии на Нетфликс.

„Да, тоа сум јас“, ме уверува Лажниот Кевин. (Иако, фактички, типот од сликата е Лажниот Кевин. Можеби сликата навистина *е* од Мет Дејмон. Почнувам да си мислам дека е.)

Тргнувам да се бунтувам дека воопшто не си личи со типот на сликата, но зборовите ми звучат премногу површ-

но во умот. Океј, да, Кевин изгледа неверојатно различно од својата слика на профилот. Но, дали тоа е од суштинска важност? Се допишувавме на Синч некое време и навистина ми делува како доволно фин тип. Би требало да му дадам шанса.

А, во случај работите да не се одвиваат добро, другарка ми Гречен ќе ми се јави за дваесет минути и ќе имам лажен изговор за да му ја дувнам оттука. Никогаш, *никогаш,* не доаѓам на состанок без претходно испланиран план за бегство.

„Навистина ми е мило што те запознавам во живо", вели Вистинскиот Кевин. „Личиш исто како на сликата."

Дали очекува да му го кажам истото? Дали ова е некој вид тест? „Хм..." велам.

„Ајде", кажува. „Да седнеме."

Наоѓаме слободна маса во еден ќош од барот. Додека се движиме натаму, свесна сум за начинот на кој Кевин се надвиснува над мене. Обично сакам високи мажи, но нему очајно му треба малку месо врз коските. Се чувствувам како да се движам до метла.

„Мило ми е што се сретнавме", ми вели Кевин додека седнува на столот спроти мене. Зошто опавчето му е толку неуредно? Зарем не можел да го исчешла пред состанокот?

„И мене", велам, а тоа е само делумно лага.

Шара со погледот врз мене, а одобрувачки изглед му се јавува врз испиеното лице. „Мора да ти кажам, Сидни, дека сега откога те запознав во живо, можам искрено да кажам дека си совршената жена."

„Ох?"

„Дефинитивно." Зјапа во мене. „Доколку ги затворам очите и си ја замислам совршената девојка, тоа би била ти."

Леле. Баш... слатко. Веројатно еден од пофините комплименти што сум ги добила на состанок. Ти благодарам, Вистински Кевин. Почнува да ми станува мило што одлучив да останам. И, како што кажав, ми се допаѓаат високи мажи, па иако изгледа сосем поинаку од сликата, чувствувам ронка симпатија. „Ти благодарам."

„Па“, додава, „со исклучок на рацете.“

„*Рацете*?“

„Некако се млитави.“ Го збрчкува носот. „Но, освен тоа, браво. Како што кажав, совршената жена.“

Чекај малку. Рацете ми се *премногу млитави?* Дали навистина ми го кажа тоа?

Уште полошо е што сега почнувам детално да си ги проучувам голите раце. Зошто одлучив да носам фустан без ракави вечерва? Имам само два фустани без ракави во плакар. Можев да облечам што било друго што ќе ги скриеше моите очигледно грозни раце, но не, јас го одбрав *ова.*

„Што можам да ви донесам за пиење?“

Келнерката стои пред нас, со подигнати веѓи. Го тргам погледот од чудовишните раце и ја погледнувам. „За мене... диетална кока-кола.“

„Диетална кока-кола?“ се чини како Кевин да е навреден. „Навистина здодевна нарачка. Земи некој вистински пијалак.“

Никогаш не пијам алкохол на прв состанок со човек што сум го запознала преку Синч. Не сакам на тој начин да си ја поматам способноста за трезвено расудување. „Диетална кока-кола *е* вистински пијалак.“

„Не, не е.“

„Па, *течност* е.“ Зјапам во него преку лепливата дрвена маса. „Така што, јас би рекла дека е пијалак.“

Кевин превртува со очите кон келнерката. „Добро, за мене корона, а за неа *диетална кока-кола.*“ Потоа ѝ намигнува на келнерката и немо ѝ го изговара зборот *извини.*

Погледнувам кон чантата до мене. Кога ли ќе ми се јави Гречен? Потребен ми е излез.

Иако, можеби не сум фер. Вистинскиот Кевин го познавам само пет минути. Треба да му дадам поголема шанса. Затоа ѝ кажав на Гречен да ми ѕвони дваесет минути по договореното време за средба. Пет минути се навистина премалку за да можам да го проценам човекот. Ако на тип не можам да му дадам повеќе од пет минути, очигледно ќе мора да одам на многу први состаноци во следните дваесет години. А сега, на триесет и четиригодишна возраст, не можам да си дозволам таков луксуз.

„Проклетство“, коментира Кевин додека ја следи келнерката со поглед, која се движи кон пијалаците. „Е тоа се *навистина* добри раце.“

Гречен, каде ли си?

# Втора глава

„Значи, мора да платиш 2000 долари ако си нов член и сакаш да се вклучиш во групата“, ми објаснува Кевин, „но, за секој продаден пакет за летување, заработуваш процент од 5000 долари. Феноменално, зарем не?“

Влечам едно пржено компирче по линијата кечап врз чинијата. Веќе четириесеттина минути сме на состаноков, а јас сум необјасниво сè уште тука. Глупава Гречен. Сигурно се бакнуваат со дечко ѝ или нешто слично, па заборавила на мене, сирота јас. Дури ѝ испратив и порака со „СОС“, но сè уште не ми ѕвонела.

„Лесно би можел да те внесам во групата.“ Кевин лакомо јаде едно луто пилешко крилце со сос - има неверојатно здрав апетит за некој што е толку слаб. Му посочив еднаш дека има од сосот врз образот, и тогаш го избриша, но секојпат кога гризнува, повторно одново се валка. На крајот ми се смачи да му кажувам дека лицето му е валкано. „Сакаш да му се јавам на Луи од Дирекцијата? Ова ти е одлична можност, Сидни. Имаш среќа што ме запозна.“

„Не, благодарам“, велам.

Кевин посегнува по мојата диетална кока-кола. Кога му пристигнаа крилцата, се жалеше дека биле премногу зачинети, па во рок од петнаесет минути го испи пивото до последната капка, па продолжи со второ пиво, а сега ја дофати и мојата кока-кола. „Зошто не? Зошто би одбила шанса со која би можела да заработуваш шестцифрени суми годишно?“

„Бидејќи е пирамидална шема?“

„Пирамидална шема!“ Кевин се закикотува. „Зошто би го мислела тоа?“

„Бидејќи сум сметководител и знам што е пирамидална шема?“

„Не, едноставно не разбираш“, инсистира. „Види, се обидувам да ти направам услуга, Сидни. По цели денови

работиш здодевна работа со бројки. Зарем не би сакала да направиш неколку продажби во текот на годината, а останатиот дел од времето да си уживаш во својата луксузна вила на море?"

Не знам што да му речам на ова, па едноставно ја земам чантата. „Одам до тоалет."

Се надевам дека тоалетот има прозорец од којшто би можела да избегам.

Кога пристигнувам до женскиот тоалет, сфаќам дека нема прозорец. Па, наместо да бегам, го користам тоалетот и минувам уште две минути гледајќи се во огледало и внимателно проучувајќи ги „млитавите" раце. Не изгледаат толку лошо, нели?

*Нели?*

Пребарувам на Гугл „вежби за слабеење раце", и во тој момент ми ѕвони телефонот. Името на Гречен се појавува на екранот, па ја стегам вилицата. *Конечно* ѝ текна да ми ѕвони. По четириесет и пет проклети минути од состанокот. Одговарам на повикот.

„Сериозно, Гречен?" за'ржувам во слушалката без да кажам *ало*. „Се наоѓам на најлошиот состанок на светот и во најголема мера ти си виновна за тоа."

Не сум сосем фер. Вистинскиот Кевин заслужи барем 50 проценти заслуга за ужасната вечер. Но, нервозна сум и мора *некому* да се истурам.

„Прости ми", цимоли Гречен. „Со Ренди гледавме филм и едноставно изгубивме чувство за време..."

„Ах-а..."

„Јас не ни сакав да го гледаме филмот", настојува. „Ренди ми вети дека нема да ми дозволи да заборавам да ти се јавам, но потоа, па, знаеш."

Го слушам Ренди во позадина како вели, „Еј! Не кажувај ѝ дека *јас* сум виновен!" Потоа Гречен се кикоти, како тој да ја скокотка или нешто слично. Си ја гризнувам усната; мразам колку се слатки Гречен и Ренди заедно. Кога се спријателивме, таа беше слободна, како мене. И, тогаш, додека еден ден се возевме заедно во лифт, почна да ми кажува колку бил сладок управителот во мојата зграда. И веќе се заедно околу шест месеци!

Да не се разбереме погрешно, среќна сум што другарка ми го пронашла човекот од своите сништа. Само, јас сè уште се обидувам да го најдам мојот.

„Каде си сега?“ ме прашува.

„Се кријам во тоалетот, очигледно.“

„Ох, мајко мила. Навистина ми е жал.“

„Во ред е“, мрморам. „Веројатно страсно си водела љубов со својот дечко, додека јас бев заглавена со тип што се обидува да ме вовлече во пирамидална шема.“

„Леле, Сид! Не си сериозна!“

„И тоа не е ниту најлошиот дел“, велам. „Мајка му се обиде да му ѕвони на Фејстајм среде оброкот, и тој се јави. Морав да ѝ кажам здраво. На *мајка му*, Гречен! На прв состанок!“

„Искрено ми е жал“, ми вели, иако слушам дека едвај се воздржува да не се изнасмее.

„Секако.“

„Навистина, Сид. Ужасна сум. Утре по јога часот честам лате и колачиња.“

Мислам дека можам да прифатам такво извинување. Во секој случај, состанокот речиси заврши. Уште само пет минути и никогаш повторно нема да треба да го видам Вистинскиот Кевин или Лажниот Кевин. Па, можеби ќе го видам Лажниот Кевин ако одам да погледнам некој филм со Мет Дејмон.

Ѝ кажувам *чао* на Гречен, уште еднаш критички си ги погледнувам рацете (кои се сосем *во ред* онакви какви што се, Кевин!), па се движам кон масата. И, верувале или не, се случило некое чудо и сметката веќе е на масата и ме чека. Очигледно ќе избегам оттука порано од очекуваното.

„Сто години седеше внатре“, коментира Кевин. Си ги брише усните со задната страна од ракавот. Тоа му го трга сосот од устата, но му ја измачкува црвено-белата карирана кошула. Повеќе не ми е грижа. „Да не падна во шолја?“

Развлекувам бледа насмевка. „Ти благодарам за вечерата.“

„Нема на што.“ Кевин ми ја подава сметката. „Твојот дел е 38 долари.“

Не ни сакав Кевин да ме časti вечера, бидејќи не са-

кам на никаков начин да сум му должна, но тешко ми е да сфатам како е можно мојата мала салата и диетална кока-кола да чинат 38 долари. Сметководителот во мене ужасно сака детално да ја проучи сметката и да ја пресмета точната сума на својот дел, но жената во мене не сака да го продолжи состаноков ни за една минута. Па, само фрлам две банкноти од 20 долари на масата.

Додека Кевин станува од местото, од радиото одекнува песната *Eye of the Tiger.* Се клешти кон мене и ми намигнува. „Ова ми е омилената песна. Зарем не е *Роки* најдобриот филм на сите времиња?"

„Не сум го гледала."

Кевин вчудовидено се фаќа за гради, небаре сум му кажала дека убивам кученца во слободно време. „*Не* си го гледала?"

„Нц."

„Е, па, сега знаеме што ќе правиме на вториот состанок."

Одлучувам да не му кажам дека нема да има втор состанок. Во моментот кога ќе се разделиме, планирам да го блокирам на Синч. Секако ми го нема вистинскиот телефонски број, а со тоа нема ни начин повторно да ме контактира.

„И потоа", додава, „може да го гледаме *Роки II* на третиот состанок. И *Роки III* на четвртиот состанок!"

Кога излегуваме од барот, тој е веќе среде планирањето на седмиот состанок (*Роки IV).* Средина на август сме, што е одлично време за носење фустан без ракави кој ги открива моите одвратни раце, но истовремено и период на најголемата влажност во Њујорк. И покрај сиот свој труд и средствата за коса, косата веќе почна да ми се извиткува. За среќа, ни пет пари не давам за тоа што мисли типот до мене за мојата коса.

„Ќе те испратам до дома", ми кажува Кевин.

За малку ќе се задавам. „Не, во ред е."

Продолжува. „Апсолутно инсистирам. Темно е - каков џентлмен би бил, ако ти дозволам самата да си одиш до дома во мраков?"

„Во ред е. Навистина."

„Некој би можел да те *убие*, Сидни.“

Не ми звучи многу веројатно. И тотално би ризикувала да умрам доколку тоа значи дека ќе избегам од типов. Но, има некоја решителност во неговиот поглед, па почнувам да си мислам дека најлесната опција е да му дозволам да ме испрати до дома. Не дека *навистина* ќе му дозволам да ме испрати до дома. Живеам недалеку оттука, па веројатно по некое време одење би можела да посочам кон некоја зграда и да му кажам дека е мојата. Потоа засекогаш ќе се ослободам од Вистинскиот Кевин.

„Добро“, мрморам. „Да одиме.“

Се исклештува од уво до уво. „Води го патот.“

Со оглед на тоа што е вторник вечер, а не викенд, улиците се попразни од вообичаеното кога се движам сама навечер. Исто така, обично се движам по раздвижени места, а сега се обидувам да си го скратам патот за што е можно побрзо да завршам со сето ова. Населените области низ коишто сега се движам се посмирени и многу посилно мирисаат на урина за разлика од патот по кој вообичаено одам до својот стан и кој е доста поживв. Тука е толку многу пусто, што дури и не е толку ужасно да го имаш Кевин како придружба.

Како и да е, нема шанси да му дозволам да види каде навистина живеам - тогаш никогаш нема да успеам да се ослободам од ликот.

Запирам пред една кафена зграда на неколку улици од мојата вистинска зграда. Покажувам кон неа. „Е, па, тука сум!“

Се надевам дека нема да инсистира да влезе внатре во зградата со мене, бидејќи нема да можам да влезам внатре. Но, гледам дека воопшто не му се заминува.

„Одлично си поминав, Сидни“, ми вели Кевин.

Не можам да се натерам да му го кажам истото, дури ни од култура. „Ах-а.“

Едниот крај од устата му се издига. „Може ли прегратка?“

„Хмм...“ Гледам како ги шири рацете, а под пазувите има кругови пот од влажниот августовски воздух. „Не се прегрнувам на прв состанок.“

„Ох." Најпрво мислам дека ќе почне да се буни, но тогаш вели, „А, што велиш на бакнеж?"

Дали тотално го изгубил *умот?* Воопшто не сакам да го прегрнам, а уште помалку сакам лигавите усни да му се допрат со моите.

„Ајде", вели. „Те почестив вечера. Зарем навистина нема да ме бакнеш?"

Ме почестил вечера? На која планета плаќање 40 долари за салата значи дека *тој* ме почестил *мене* вечера. „Не се бакнувам, ниту прегрнувам на првиот состанок", објаснувам. И потоа, за во случај да ме праша да си ги допреме колковите или Бог знае што друго, додавам, „Имам многу строга политика на недопирање."

„Навистина?"

Прави чекор нанапред. Се надвиснува врз мене, па јасно му го чувствувам мирисот на пиво во здивот. Правам чекор наназад и се удирам во ниското скалило од влезот на зградата во која реков дека живеам. Ја разгледувам улицата и сум ужасната што нема ниту еден пешак наоколу. Знаев дека Кевин е шутрак, но си реков дека е безопасен.

Голема грешка.

„Ајде, Сидни." Прави уште еден чекор нанапред - овој пат ми доаѓа толку блиску, што ми станува непријатно. Кевин е слаб, но делува силно. Посилно од мене, тоа во секој случај. „Не може да ме провоцираш така. Барам само еден бакнеж, Бог да чува."

„Мислам дека состанокот заврши", велам решително.

„Не ме провоцирај." Се мурти, а цртите му се изобличени на придушеното улично осветлување. „Вие жените сте сите исти. Никогаш нема да си најдете сопруг ако не сакате ниту да се бакнете на првиот состанок, да знаеш."

Главата брзо ми работи и размислувам што сѐ имам во чантата и што можам да искористам како оружје. Гречен ми даде спреј со солзавец, но го извадив од чанта пред некое време бидејќи течеше и никогаш не сум се нашла во ситуација да ми биде потребен. Имам шишенце со дезинфекција за раце. Ако му прснам во очи, дали ќе ми заврши работа? И, секако, прво ќе мора да го лоцирам во огром-

ната чанта, чијашто содржина 80% се состои од изгужвани палома-марамчиња.

Одлучувам дека најдобрата опција ми е да се бутнам покрај него и да почнам да бегам. Сигурна сум дека со трчање брзо ќе налетам на некого.

„Сидни“, ми вели.

Одбегнувам да го погледнам во очи додека се обидувам да му избегам. Но, Кевин е побрз отколку што изгледа. Со прстите ме фаќа за зглобот од раката и ме лепи врз циглестиот ѕид од зградата. Неговите остри прсти ми ја засекуваат кожата.

„Ајде, бе, Сидни“, вели. „Не скратувај ни ја нокта. Забавата штотуку почнува.“

## Трета глава

Телото на Кевин е притиснато врз моето. Мирисот на застојано пиво во неговиот здив ми е пресилен, па мора да ја свртам главата на страна, додека се обидувам да се ослободам од неговиот стисок.

Не сака само бакнеж. Сака и нешто повеќе. И нема да си замине додека не го добие. Воопшто не требаше да му дозволам да ме испрати до дома.

Боже, зошто е толку *силен?*

„Пушти ме!“ му ’ржам.

„Ти реков“, процедува низ заби, „да престанеш да ме провоцираш.“

Телото му е сосем залепено врз моето, топло на непријатен начин. Ја отворам устата, подготвена да пискам на сиот глас. Има згради околу нас. Некој сигурно ќе ме чуе, и покрај тоа што прозорците им се силно затворени и внатре им бучат клима-уредите. Но, пред каков било звук да ми проструи низ усните, одекнува глас зад мене.

„Еј! *Еј!* Што правиш таму?“

Кевин го олабавува стисокот околу мојот зглоб. Се повлекува од мене неколку сантиметри, а јас одлучувам да ја искористам предноста што можам слободно да се движам. Се фаќам за металната корпа за отпадоци во близина, ја подигам десната нога и со коленото го удирам меѓу нозе, најсилно што можам.

Ме облева чувство на задоволство додека гледам колку брзо Кевин паѓа долу. Никогаш порано не сум удрила некој маж на тоа место, но дефинитивно можам да кажам дека методот функционира *навистина* добро. Клекнува, се држи за скапоцените камења, а лицето му е светлоцрвено. Адреналинот расте во мене - па... сè додека не почнувам да губам рамнотежа и се затетеравувам наземи, удирајќи си ја главата од металната корпа за отпадоци.

„Кучко една!“ извикува Кевин. „Што по ѓаволите не е во ред со тебе?“

Внимателно се исправувам на нозе и мижуркам со очите во обид да ја распознаам сенката на силуетата што дојде да ме спаси. Премногу е темно за јасно да можам да го видам, но очигледно станува збор за маж со просечна височина и градба. Во моментов гледа накај Кевин, кој сè уште се витка од болка, за потоа да погледне во мене.

„Дали сте во ред, госпоѓице?“

„Да не ти е гајле за тоа!“ Кевин остро му дофрла. „Бевме среде состанок, шупаку еден. Супер си поминувавме.“

Мистериозниот маж продолжува да зјапа во мене, го чека мојот одговор, а очите му се како две темни сенки.

„Во ред сум.“ Ја забришувам прашината од синиот фустан без ракави што веројатно никогаш повторно нема да го облечам поради мал милион причини, вклучувајќи го и фактот што сега сум свесна за изгледот на своите неприфатливо млитави раце. Би требало едноставно да го фрлам по состаноков. „Мислам, *сеīа* сум во ред.“

„*Ти* си во ред?“ извикува Кевин. „Треба да те тужам за напад!“

Мистериозниот маж фркнува со неверување. „*Видов* што се обидуваше да сториш. Не ми е никаков проблем да се јавам во полиција и да им објаснам сè.“

На тие зборови, го извлекува мобилниот од џебот, небаре е подготвен да сврти 911. Повторно погледнува кон мене, како да бара дозвола, а јас одмавнувам со главата. Не сакам на тој начин да заврши вечерта. Сакам само да си дојдам дома и да си наполнам топла бања. И да го блокирам Кевин на Синч. Би можела и да го пријавам кај администраторите на страницата, со оглед на тоа што му ги имам личните податоци.

За првпат, Кевин делува искрено загрижено. Вложува многу напор и некако успева да се исправи. „Еј“, вели, „Еј, чекај малку, можеби си ја сфатил погрешно ситуацијава. Не планирав....“

„Губи се оттука“, го сецнува Мистериозниот маж. „*Веднаш.* Пред девојката да го промени мислењето и да се јавам во полиција.“ Гласот му се стишува за нијанса и како да преминува во ‘ржење. „И ако *уш̄те еднаш* ѝ пречиш, со

задоволство ќе сведочам за она што го видов вечерва. Знаеш ли како изгледа затворскиот престој на еден силувач?“

Кевин ги ококорува очите. Најпосле сфаќа.

Гледам како куца надолу по улицата, во спротивна насока од моето место на живеење. Дури кога сосем ми исчезнува од видик, најпосле им дозволувам на рамениците да се опуштат.

„Дали си сигурна дека си во ред?“ ме прашува Мистериозниот маж.

Се вртам во насока на гласот. Конечно дошол под уличното осветлување, за да можам добро да го погледнам. И...

Леле.

Го знаете она лигаво нешто што го кажуваат луѓето - дека погледнале во некоја личност и како да ги погодила молња? Отсекогаш сум мислела дека тоа е чиста глупост, сè додека не ми се случи првпат пред три години, кога го запознав првиот молњевит тип. Но, кога таа врска не успеа, се откажав од надежта дека такво нешто повторно ќе ми се случи. Но, ете го. Проклетата молња повторно погодува.

Прескромно е да кажам дека Мистериозниот маж е згоден. Има густа црна коса и јаглен-црни очи со толку моќен поглед, што низ мене повторно прострујува молња. Цврстата вилица прави да изгледа како да е потполно самоуверен и сè држи под контрола. Цртите на лицето му се сосем симетрични. Носи црна маица на кратки ракави што му ја отсликува атлетската градба и прави темната коса и очи да му изгледаат уште помоќно. А, на прстот нема знак од бурма.

Меѓутоа, најдоброто од сè е начинот на кој зјапа во мене. Ако мене ме погодила молња, сигурно го погодила и него. Рака сечам дека сум во право.

„Океј сум“, успевам да одговорам. „Само... малку потресено.“

Мистериозниот маж погледнува во далечината, со цел да се осигура дека нема трага од Кевин. „Дали си во врска со него?“

Одмавнувам со главата. „Првпат се споивме вечерва.

Се запознавме преку Синч.“ Лицето малку ми поруменува. „Очигледно не се споивме на никаков буквален начин. Само имавме договорено прв состанок за вечерва.“ И сосем непотребно додавам: „Лошо беше.“

„Тоа го сфатив.“

„Не знае каде живеам.“ Се прегрнувам. „Ќе го пријавам кај одговорните на апликацијата. Сериозно ги сфаќаат ваквите работи. Мислам дека нема повторно да ми додева. Сепак... ти благодарам на помошта.“

Блеснува искривена насмевка. „Мислам дека и самата добро се справуваше со ситуацијата. Дечкото едвај можеше да се движи.“

Се насмевнувам кога ми испловува сеќавањето од прекрасното чувство кога коленото ми се заби во јајцата на Кевин. „Фала.“

Мистериозниот маж зјапа во мене, со половичната насмевка врз усните. Очигледна е наелектризираната енергија меѓу нас. Не секогаш сум сигурна дека некој тип е заинтересиран за мене или не. Но, по начинот на којшто ме гледа Мистериозниот маж, *знам* дека е заинтересиран. И, и покрај тоа што сум потресена од она што се случи пред малку, со задоволство би му го дала својот број.

Колку преслатко запознавање. Веќе можам да се замислам како им ја раскажувам приказнава на нашите деца. Еден идиот се обидуваше да ме бакне, и, токму така, деца мои, го запознав татко ви.

Океј, можеби малку избрзувам. Но, едноставно кога знаеш - знаеш.

„Дали ќе можеш сама оттука да стигнеш до дома?“ ме прашува Мистериозниот маж.

Погледнувам наоколу. Во изминатите неколку минути, улиците почнаа да се полнат со луѓе и воопшто не делуваат онолку пусто колку што ми личеа кога ме грабна Кевин. „Да, нема проблем.“

„Одлично“, вели.

И, тогаш, ме остава потполно шокирана кога почнува да се врти. Да си *заминува.*

„Хм, фала ти уште еднаш!“ извикувам. „Навистина го ценам она што го стори. Сега си ми херој!“